Врз основа на Одлуката на Народна банка на Република Македонија за објавување на извештаи и податоци од страна на банките (Сл. Весник на РМ бр 134/2007), Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје објавува:

ИЗВЕШТАИ И ПОДАТОЦИ
со состојба 31.12.2008 година
објавени 15.05.2009 година

СОДРЖИНА:

1. Податоци за банката
2. Податоци за акционерската структура на банката – акционери со квалификувано учество
3. Податоци за сопствени средства и за адекватност на капиталот на банката
4. Податоци за процесот со управување со ризиците

1. ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАТА	
Назив	Македонска банка за поддршка на развојот АД
Седиште	Скопје ул. Вељко Влаховиќ бр. 26
Единствен матичен број	5240425
Организациона структура	Прилог на крајот од извештајот
Број на вработени	32
Преглед на финансиски активности кои може и ги врши, согласно дозволата за основање и работење издадена од гувернерот на Народна банка на Република Македонија	1. кредитирање на отпочнување со работа и развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија со среднорочни и долгорочни кредити; 2. кредитирање (финансирање) на инвестициони работи во странство, извоз и подготовка на извоз на трговски друштва од Република Македонија; 3. рефинансирање до 50% од среднорочни и долгорочни кредити за извоз и за инвестициони работи во странство одобрени од домашни банки и други финансиски институции, претходно осигурени во Банката од некомерцијален ризик; 4. издавање инструменти за обезбедување на плаќања (гаранции, авали, договорен залог и други форми на обезбедување) по кредити одобрени од банки и други финансиски институции за проектите од точка 1 и 2 од овој став; 5. привремено здружување со други банки за давање на гаранции за инвестициони работи на трговски друштва во Р. Македонија во странство во вредност од над 1.000.000 евра; 6. осигурување и реосигурување на побарувања врз основа на извршен извоз од комерцијални и некомерцијални ризици и осигурување на домашни побарувања од комерцијални ризици; 7. откуп, продажба и наплата на побарувања; 8. факторинг и форфетинг за сметка на компании;

	9. економско-финасиски консалтинг; 10. прибирање, обработка и објавување на податоци за составување (утврдување) на кредитен рејтинг на правни лица и нивната положба; 11. платен промет во странство, за свое име и за своја сметка.
Преглед на финасиски активности за кои од страна на Народна банка на Република Македонија е изречена забрана или ограничување за нивно вршење, односно е повлечена согласноста	Нема
2. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИОНЕРСКАТА СТРУКТУРА НА БАНКАТА - АКЦИОНЕРИ СО КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО	
Назив на акционерот и седиште	Влада на Република Македонија, бул. Илинден бб
Процент на учество во вкупниот број акции	100%
Процент во вкупниот број издадени акции со право на глас во банката	100%
3. ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА И ЗА АДЕКВАТНОСТ НА КАПИТАЛОТ НА БАНКАТА	
Износ на почетниот капитал кој е запишан во Централниот регистар	932.400 илјади МКД
Бројот на акциите од секој род и класа, како и номиналниот износ на акциите	Обични акции 300.000 Номинална вредност на една акција 3.108 МКД Вкупен номинален износ 932.400 МКД
Описот на карактеристиките на основните компоненти на сопствените средства	Номинална вредност на уплатени акции – 932.400 илјади МКД Резервен фонд – 209.036 илјади МКД
Износот на компонентите на дополнителниот капитал I и дополнителниот капитал II	Нема
Видот на одбитните ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал и нивниот износ	Нематеријални средства – 363 илјади МКД
Вкупниот износ на сопствените средства со состојба на 31.12.2008 година	1.141.073 илјади МКД
Висина на адекватноста на капиталот со состојба 31.12.2008 година	53,81%
Висина на капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик	169.623 илјади МКД
Висина на капиталот потребен за покривање на валутен ризик	/
Висина на капиталот потребен за покривање на пазарен ризик	/
Висина на капиталот потребен за	

покривање на ризик од порамнување/испорака и ризикот од друга договорна страна	/
Висина на капиталот потребен за покривање на ризикот од промена на цена на стоки	/
Висина на капиталот потребен за покривање на надминување на лимитите на изложеност	/
Висина на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик	/
Висина на капиталот потребен за покривање на други ризици, доколку банката по сопствена оценка утврдила дополнителен износ на капитал за покривање на истите	/
4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ	
4.1. СТРАТЕГИИ И ПРОЦЕСИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СЕКОЈ ПОЕДИНЕЧЕН РИЗИК	
4.1.1. КРЕДИТЕН РИЗИК	
Опис на политиката за вршење на исправка на вредноста и за издвојување на посебна резерва	Резервациите за оштетување прикажани во билансот на состојба на крајот на годината произлегуваат од различниот рејтинг и оценки добиени со воспоставениот систем на интерен рејтинг. Резултат од користење на овој систем е соодветна класификација на изложеноста и во зависност од тоа соодветно утврдување на исправката на вредноста на активните билансни побарувања односно посебна резерва за активните вонбилансни побарувања согласно МСС 39.
Износ на изложеност на кредитен ризик, пред и по издвојувањето на посебната резерва	• Износ на изложеност на кредитен ризик пред издвојување на посебна резерва – 3.373.771 илјади МКД • Износ на изложеност на кредитен ризик по издвојување на посебна резерва – 3.208.162 илјади МКД
Просечна изложеност на кредитен ризик за периодот за кој се објавува и изложеноста по пооделни категории на ризик	3.474.784 илјади МКД
Износ на достасани кредити	3.212 илјади МКД
Износ на изложеностите на кредитен ризик за кои е издвоена посебна резерва	2.395.243 илјади МКД
Изложеност на кредитен ризик по географска одредница	• Земји од ЕУ – 688.135 илјади МКД • Република Македонија – 2.678.987 илјади МКД • Останати земји – 6.649 илјади МКД

Секторска дистрибуција на кредитна изложеност (изложеност кон банки, кон останати финасиски институции, нефинасиски институции, нерезиденти)	• Банки – 2.571.224 илјади МКД • Државни органи – 166.608 илјади МКД • Нефинансиски институции – 29.476 илјади МКД • Нерезиденти-финансиски институции – 606.463 илјади МКД
Резидуална договорна рочна структура на изложеност на кредитен ризик (со рок до и над една година)	• Резидуална договорна рочна структура до една година – 1.458.356 илјади МКД • Резидуална договорна рочна структура над една година – 1.915.415 илјади МКД
Структурна кредитна изложеност по дејности и детално објавување на податоци за најголемата изложеност	• Финансиско посредување – 3.123.597 илјади МКД - износ на достасани кредити – 3.212 илјади МКД - износ на изложеност за која се врши исправка на вредноста -2.398.706 илјади МКД - износ на извршена исправка на вредноста - 126.064 илјади МКД • Јавна управа – 166.608 илјади МКД • Останато – 83.566 илјади МКД
Износ на преструктуирани побарувања согласно Одлука за супервизорски стандарди за регулирање на достасани а ненаплатени побарувања на банките	Нема
Движење на издвоената посебна резерва во текот на периодот за кој се известува	31.03.2008 – 163.101 илади МКД 30.06.2008 – 162.217 илјади МКД 30.09.2008 – 164.063 илајди МКД 31.12.2008 – 165.609 илјади МКД
Систем на мерење и систем на внатрешно известување	Мерењето на кредитниот ризик може да биде • на поединечна основа Кога се врши мерење на поединечна основа, основни индикатори за кредитниот ризик се изложеноста, веројатноста од пропаѓање, веројатноста од намалување на бонитетот, веројатноста од надокнада на отпишаните побарувања и сл • на ниво на целокупното портфолио При мерење на ризикот банката на ниво на целото портфолио го користи методот на очекувани загуби. Банката има воспоставен систем на известување со кој органите на управување добиваат целосни, споредливи и навремени извештаи во функција на навремено донесување на одлуки во врска со превземањето и управувањето со кредитниот ризик
	• Систем на лимити Главниот инструмент за ограничување и контрола на кредитниот ризик во банката е системот на лимити на

Политика за заштита и намалување	изложеност. • Квалитет на обезбедувањето Во инструментите за заштита и намалување на кредитниот ризик МБПР го вклучува и квалитетот на обезбедување, односно можноста за продажба на побарувањето, документираноста на обезбедувањето, како и можноста за присилна наплата на обезбедувањето. • Обезбедување навремени, целосни, јасни и точни информации • Точно вреднување на компонентите на кредитен ризик на договорите за кредити, за осигурување, гаранции • Носење одлуки за идна кредитна задолженост во зависност од структурата и содржината на постојното портфолио • Одбивање на кредитни изложености со слаба кредитна способност врз основа на однапред дефинирани критериуми Управување со проблематични изложености и др.
4.1.2. ПАЗАРЕН РИЗИК	
Структура на портфолио за тргување по одделни видови финансиски инструменти	Нема
Политики за распоредување на одредена позиција во портфолио за тргување или во портфолио на банкарски активности	МБПР ги распоредува позициите кои се вклучуваат во портфолиото за тргување и во портфолиото на банкарски активности со користење објективни критериуми согласно меѓународните стандарди и притоа овие критериуми ги применува на конзистентна основа. Имајќи го во предвид фактот дека МБПР е основана со посебен Закон за основање на Македонска банка за поддршка на развојот, а исто така во своето работење има специфики со кои се издвојува од работењето на класичните банки, односно работи во свое име и за своја сметка и целта на банката е со избегнување на шпекулативниот начин на работа да го поттикне развојот преку финансирање на мали и средни претпријатија, банката нема позиции во финансиските инструменти кои може да ги вклучи во портфолиото за тргување, согласно тоа позициите се распоредуваат во портфолиото за банкарски активности.
4.1.3. ОПЕРАТИВЕН РИЗИК	
Систем на мерење и систем на внатрешно известување	Во МБПР се воспоставува процес на самопроценување, односно квалитативна оценка на изложеноста на опертивните ризици, што значи дека процесот го водат менаџерите и вработените, а не надворешни лица. Суштината на овој пристап на квалитативна оценка е идентификацијата и затворање на контролните јазови што овозможуваат раст на оперативните ризици над

	прифатливото ниво. Банката има воспоставен систем на известување со кој органите на управување добиваат целосни, споредливи и навремени извештаи во функција на навремено донесување на одлуки во врска со превземањето и управувањето со оперативниот ризик
Пристап кој се користи за пресметка на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик	Базен индикатор
Политика за заштита и намалување	• Осигурување • Инфраструктура • Континуирани активности во насока на подобрување на окружувањето во смисла на целокупната атмосфера во баката, разбирање и култура на однесување во однос на изложеноста на оперативни ризици • Воспоставување на План за континуитет на работењето • Воспоставување на План за обнова на работењето • Воспоставување на редовна контрола и проверка на трансакциите и сметките и др.
4.1.4. РИЗИК КОЈ ПРОИЗЛЕГУВА ОД КАПИТАЛНИ ВЛОЖУВАЊА КОИ НЕ СЕ ДЕЛ ОД ПОРТФОЛИОТО ЗА ТРГУВАЊЕ	
Краток опис на стратегијата на банката за стекнување на капитални делови во други правни лица	МБПР како банка во државна сопственост нема стратегија за стекнување на капитални делови во други правни лица.
Краток опис на политиката на банката за сметководствено вреднување на капиталните вложувања	/
Износ на капитални вложувања и нивна класификација според видот (вложувања за кои постои или не постои активен пазар)	/
Секторска структура за вложувања (банки, останати финансиски институции, нефинасиски институции, нерезиденти)	/
Кумулативен износ на реализирани добивки/загуби кои произлегуваат од отуѓувањата во текот на периодот за кој се објавува	/
Вкупен износ на нереализирани добивки/загуби од капитални	/

вложувања	
4.1.5. ЛИКВИДНОСЕН РИЗИК	
Систем на мерење и систем на известување	• Планирање, управување и обезбедување на адекватен износ на ликвидни средства, • Следење на адекватна рочна структура, • Утврдување на ликвидносни показатели, • Следење на потенцијалните обврски од вонбилансно работење, • Планирање на мерки во случај банката да се соочи со криза во ликвидноста Банката има воспоставен систем на известување со кој органите на управување добиваат целосни, споредливи и навремени извештаи во функција на навремено донесување на одлуки во врска со превземањето и управувањето со ликвидносниот ризик
Политика за заштита и намалување	Банката воспоставува систем на внатрешна контрола на ликвидноста која ја спроведуваат сите вработени во банката и воспоставува информативен систем кој овозможува навремено и постојано мерење, следење, контрола и известување во процесот на одлучување при управувањето со ликвидносниот ризик.
СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУНКЦИЈАТА НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ	
Банката воспоставува организациска структура, со јасно дефинирани надлежности и одговорности при преземање и управување со ризиците.	
Надзорен одбор	- ја одобрува стратегијата за превземање и управување со ризиците и го следи нејзиното спроведување, - ја одобрува политиката за превземање и управување со секој поединечен ризик и го следи нејзиното спроведување, - ги разгледува извештаите за управување со поединечните ризици, - ги одобрува лимитите на изложеност на поединечни ризици, - обезбедува услови и ја следи ефикасноста на внатрешната контрола, како составен дел на системот на управување со ризици, - обезбедува услови за ефикасно спроведување на ревизија на управувањето со поединечните ризици од страна на внатрешната ревизија, - други активности согласно законските прописи и интерните акти.
	- ја воспоставува и ја спроведува стратегијата за преземање и управување со ризиците, - ја воспоставува и ја спроведува политиката за управување со поединечните ризици, - врши мониторинг и оценка на ефикасноста на

Одбор за управување со ризици	целокупниот процес на управување со ризици, - врши анализа на извештаите за изложеноста на банката на поодделните ризици, - одредува и редовно ги ревидира лимитите на изложеност на поодделни видови ризици, - ги дефинира евентуалните исклучоци во однос на дефинираните лимити, - други активности согласно законските прописи и итерните акти.
Управен одбор	- воспоставува и спроведува соодветни процедури за идентификување, мерење, мониторинг, контрола и намалување на поединечните видови ризици, - редовно ја следи имплементацијата на политиките, процедурите за управување со ризиците, - го воспоставува информативниот систем, како и системот за известување на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, - јасно и прецизно ги дефинира одговорностите на секој вработен/сектор во процесот на управување со одделните видови ризици, - обезбедува услови за ефикасно спроведување на процесот на управување со поединечните ризици, вклучувајќи и соодветно и навремено информирање на сите вработени во банката вклучени во процесот на управување со одделни ризици.
Служба за управување со ризици	- соодветно спроведување на политиките и процедурите за управување со ризици во банката, - мерење, следење, контрола на сите материјални ризици, - следење на лимити на изложеност на поединечни ризици, - редовно известување на Одборот за управување со ризици и другите органи на банката за изложеноста на банката за поодделни видови на ризици.


МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ АД СКОПЈЕ
Собрание
Надзорен одбор
Одбор за управување со ризици
Одбор за ревизија
Служба за внатрешна ревизија
Управен одбор
Советник
Кабинет на Управниот одбор
Помошник директор
Служба за ИТ
Сектор за кредитирање и гаранции
Сектор за кредитно осигурување
Сектор за средства и ликвидност
Служба за правни и општи работи
Служба за управу-вање со ризици
Одделение за кредитирање
Одделение за гаранции
Одделение за администрирање
Одделение за средства и ликвидност